**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И**
**АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**УП 1 Бр.08-216**
**15.05.2017 година**
**Скопје**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 2 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10, а во врска со член 71 став 1 алинеи 17 и 18 и член 75 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), член 39 став 1 алинеја 10 и член 51 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, по спроведувањето на Јавниот конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, објавен врз основа на Одлуката на Агенцијата за објавување на јавен конкурс, УП1 бр.08-6 од 05.01.2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр.2/17), а во врска со поднесената Пријава наш арх.бр.08-216 од 06.04.2017 година од страна на кандидатот, физичкото лице Гордана Цветаноска од с.Мало Коњари, Прилеп, Извештајот од оценување на пријавата наш арх.бр.08-216 од 10.05.2017 година и Заклучокот бр.02-2439/2 од 15.05.2017 година, на својата 19-та седница одржана на 15.05.2017 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, музичко - говорно радио од општ формат, на локално ниво, на подрачјето на општина Кривогаштани

1. СЕ ДОДЕЛУВА дозвола за радио емитување на програмски сервис, музичко - говорно радио од општ формат, на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Кривогаштани, на кандидатот Гордана Цветаноска, со место на живеење во с.Мало Коњари, Прилеп.

Радио програмскиот сервис од ставот 1 на оваа точка ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија, и тоа: 96.8 MHz.

2. Дозволата за радио емитување на локално ниво, наведена во точка 1. на оваа Одлука, се доделува за временски период од 9 (девет) години и истата не може да се пренесува на друго лице.

3. По приемот на оваа Одлука за доделување дозвола, кандидатот на конкурсот, лицето Гордана Цветаноска од с.Мало Коњари, Прилеп, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, треба да се регистрира како трговско радиодифузно друштво во соодветниот регистар, согласно член 77 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Трговското радиодифузно друштво, кое ќе биде основано од кандидатот на конкурсот, лицето Гордана Цветаноска од с.Мало Коњари, Прилеп на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, ќе плаќа годишен надоместок за дозволата на сметка на Агенцијата, за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата. Начинот на пресметка, фактурирање и наплата на надоместокот за дозволата ги утврдува Агенцијата согласно член 80 од напред цитираниот Закон и согласно Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.185/14), Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите („Службен весник на

Република Македонија“, бр.172/14) и Правилникот за подрачјата на емитување на телевизиски и радио програми („Службен весник на Република Македонија“, бр.172/14).

**4.** Агенцијата за електронски комуникации врз основа на дозволата за радио емитување со користење на радиофреквенции издава одобрение за користење на радиофреквенции согласно со Законот за електронските комуникации.

За користење на радиофреквенциите, се плаќа годишен надоместок на сметка на Агенцијата за електронски комуникации за секоја тековна година однапред почнувајќи од датумот на важењето на одобрението за користење на радиофреквенции.

**5.** Трговското радиодифузно друштво, кое ќе биде основано од кандидатот на конкурсот, лицето Гордана Цветаноска од с.Мало Коњари, Прилеп, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, се обврзува да започне со вршење на дејноста во рок од 8 месеци од датумот на доделување на дозволата.

Во случај на непочитување на рокот за започнување со вршење на дејноста наведен во ставот 1 на оваа точка од Одлуката, Агенцијата ќе ја одземе доделената дозвола пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери.

**6.** Лицето, наведено во точка 1 на оваа Одлука, на кое му е доделена дозволата за радио емитување е должно во целост да ги исполни условите и барањата на кои се обврзал во Пријавата при конкурирањето.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе изврши стручен надзор во рок од 30 (триесет) дена од истекот на триесеттиот ден од денот на започнувањето со вршење на дејноста утврден во дозволата за радио емитување, со цел утврдување на исполнувањето на техничките, просторните и кадровските услови, во согласност со барањето за добивање дозвола за радио емитување.

**7.** За оваа Одлука писмено да се извести учесникот на Јавниот конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Кривогаштани, Гордана Цветаноска од с.Мало Коњари, Прилеп, како единствен учесник на овој јавен конкурс, во рок од 7 (седум) дена од денот на донесувањето на одлуката.

**8.** Оваа Одлука е конечна и ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Согласно член 69 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за програмскиот сервис на терестријално радио што се емитува преку ограничен ресурс како што се радиофреквенции, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја доделува дозволата за радио емитување по пат на јавен конкурс.

Агенцијата согласно член 70 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесува одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување, по службена должност или по прием на писмено барање од заинтересирана страна, во согласност со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите, како и во согласност со Студијата на начин и постапка утврдени во член 70 од напред цитираниот Закон.

Врз основа на Писмото за намери (барање) поднесено од страна на физичкото лице, Гордана Цветаноска од с.Мало Коњари, Прилеп, за добивање дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Кривогаштани, наш арх.бр.08-4475/1 од 19.09.2016 година, Известувањето од Агенцијата за електронски комуникации во врска со барањето информација за слободни фреквенции за емитување на радио програма на подрачјето на општина Кривогаштани, бр.0805-3053/2 од 03.10.2016 година (наш арх.бр.03-4528/2 од 12.10.2016 година), изработената Студија од страна на Агенцијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Кривогаштани, наш арх.бр.08-6569/1 од 19.12.2016 година и Мислењето, бр.12-5395/2 од 29.12.2016 година (наш арх.бр.03-6730/2 од 30.12.2016 година) доставено од страна на Државната Комисија за спречување на корупцијата, во кое е наведено дека не постои законска пречка

Агенцијата да ја донесе предметната одлука за објавување на јавен конкурс, Советот на Агенцијата донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Кривогаштани, УП1 бр.08-6 од 05.01.2017 година која беше објавена на 09.01.2017 година во „Службен весник на Република Македонија", бр.2/17.

Краен рок за доставување на пријави за учество на јавниот конкурс беше до 09.04.2017 година односно кандидатите на конкурсот требаше да поднесат пријава во рок од 90 (деведесет) дена, сметано од првиот нареден ден од денот на објавувањето на одлуката за објавување на јавниот конкурс во Службен весник на Република Македонија. Заклучно до 09.04.2017 година (крајниот рок за доставување на пријави), до Агенцијата беше доставена 1 (една) Пријава со придружна документација за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Кривогаштани на 06.04.2017 година од страна на кандидатот, физичкото лице Гордана Цветаноска, од с.Мало Коњари, Прилеп, наш арх.бр.08-216.

Јавното отворање на доставената Пријава за учество на јавниот конкурс од кандидатот Гордана Цветаноска од с.Мало Коњари, Прилеп, се одржа 1 (една) недела по истекот на рокот за поднесување на пријавите, односно на 18.04.2017 година, со што поднесената Пријава беше разгледувана од аспект на тоа дали е уредна, навремена и комплетна, односно дали ги содржи сите документи утврдени во член 73 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а кои се однесуваат за физичко лице, за кое се водеше Записник, наш арх.бр.08-216 од 18.04.2017 година.

На 19 април 2016 година се пристапи кон оценување на поднесената Пријава, бр.08-216 од 06.04.2017 година по предметниот јавен конкурс. Пријавата беше оценувана според критериумите за оценување утврдени во Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Кривогаштани, УП1 бр.08-6 од 05.01.2017 година, согласно член 74 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Врз основа на Извештајот од оценување на пријавата изготвен од страна на Агенцијата, наш арх.бр.08-216 од 10.05.2017 година, беше констатирано дека поднесената Пријава за учество на јавниот конкурс на единствениот кандидат Гордана Цветаноска, од с.Мало Коњари, Прилеп, бр.08-216 од 06.04.2017 година ги исполнува условите утврдени во конкурсот согласно погоренаведената Одлука на Агенцијата.

Врз основа на сето погоре наведено, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 2 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10, а во врска со член 71 став 1 алинеи 17 и 18 и член 75 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), член 39 став 1 алинеја 10 и член 51 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, по спроведувањето на Јавниот конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, објавен врз основа на Одлуката на Агенцијата за објавување на јавен конкурс, УП1 бр.08-6 од 05.01.2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр.2/17), а во врска со поднесената Пријава наш арх.бр.08-216 од 06.04.2017 година од страна на лицето Гордана Цветаноска, од с.Мало Коњари, Прилеп, Извештајот од оценување на пријавата наш арх.бр.08-216 од 10.05.2017 година и Заклучокот бр.02-2439/2 од 15.05.2017 година, на својата 19-та седница одржана на 15.05.2017 година, донесе Одлука како во диспозитивот, која е конечна и по нејзиното донесување ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Учесникот на Конкурсот за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, објавен врз основа на Одлуката на Агенцијата за објавување на јавен конкурс, УП1 бр.08-6 од 05.01.2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр.2/17), доколку е незадоволен од Одлуката, има право во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Одлуката да поднесе тужба до надлежниот суд.

**Примерок од Одлуката да се достави до:**

- подносителот на пријавата Гордана Цветаноска, од с.Мало Коњари, Прилеп,
- Агенцијата за електронски комуникации,
- Директорот на Агенцијата,
- Сектор за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата,
- Сектор за правни и економско-финансиски работи, и
- Назначеното лице за водење на Уписникот за предметите по првостепената постапка во Агенцијата (Уп1).